# Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година

**Скопје, 3 септември 2021** – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со цел да обезбеди сознанија за состојбите во телевизиската и во радиоиндустрија, ја изработи Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година.

Во Анализата е опфатено економското работење на радиодифузерите, односно податоците за вкупните приходи, уделите на радиодифузерите во вкупните приходи, структурата на приходите, вкупните трошоци, уделите во вкупните трошоци и структурата на трошоци, финансискиот резултат од работењето и просечниот број на вработени во редовен работен однос, како и податоци од мерењата на телевизиската и радиска публика во 2020 година.

Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година е достапна на следниот линк.